Интерактивна мрежа за образование и ресурси

## Безбедни и Сигурни Млади.Net

# Сајбер малтретирање

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization

IFAP Information for All Programme

Подготвено  со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите

**Сајбер малтретирање**

Живееме во време во кое луѓето од целиот свет се во можност да комуницираат едни со други со едноставно притискање на копче. Со технолошки достигнувања на новото време се наметна и еден нов начин на живот, кој донесе нови начини на комуницирање и создаде еден нов концепт за тоа што значи комуникација. Денешните млади луѓе скоро да не можат да го замислат својот секојдневен живот без своите компјутери, мобилни телефони и други електронски уреди. И иако многумина гледаат на овој нов начин на социјално вмрежување, кој го овозможи новата технологија преку социјалните мрежи, како на безопасна забава, зад некои од овие виртуелни контакти притаено се крие опасна закана од сајбер малтретирање.

Под сајбер малтретирање се подразбираат сите активности кои преку користење на информатичките и комуникациските технологии ги презема една индивидуа, или група, со цел да рашири намерно непријателско однесување кон некој друг поединец, или група. Сајбер малтретирањето може да се јави во различни форми, од директните вознемирувања, до индиректните активности кои имаат за цел да ја оштетат репутацијата на личноста кон која се насочени или односите кои таа личност ги има со останатите лица во својата околина. И иако самиот зборот сајбер малтретирање дури и не постоеше до пред една деценија, денеска проблемот на сајбер малтретирањето станува се поприсутен во секојдневното живеење, особено кај помладата популација.

Иако секој може да стане жртва на сајбер малтретирање, најголемиот број на лица кои се жртви се млади лица и во најголемиот број на случаи станува збор за врсничко сајбер малтертирање. Ова пред се се должи на фактот што токму младите лица се оние кои во најголем процент ги користат модерните технологии, но и на тоа што голем процент од нив ја занемаруваат важноста на користењето на безбедни интернет практики.

Кога зборуваме за врсничко сајбер малтретирање тоа најчесто започнува уште во основно училиште, а неретко се случува и во средно училиште и на факултет. Во едно истражување кое го спроведе Калифорнискиот институт за интегрални науки (California Institute for integral Studies) во 2010 година, на ученици на возраст од 10 до 18 години, беа

добиени изненадувачки податоци во кои 38% од учениците изјавиле дека барем еднаш во својот живот биле сајбер малтретирани, а дури 32% изјавиле дека барем еднаш направиле акт кој претставувал некаков облик на малтретирање на свој врсник со помош на современите средства за комуникација.

Според Истражувачкиот Центар за Сајбер Малтретирање во САД (Cyber Bullying Research Center) околу 20% од испитаните учесници во едно нивно истражување спроведено во 2011 година изјавиле дека барем еднаш во својот живот биле жртва на некаков облик на сајбер малтретирање. Најчестите облици на сајбер малтертирање биле навредливи коментари на социјалните мрежи (13,7%) и ширење на гласини преку истите мрежи (12,9%). Она што ова истражување исто така го покажало е дека младите девојки во своите доцни тинејџерски и рани адолесцентни години, биле почесто жртви на сајбер малтретирање споредено со нивните машки врсници (25,8% напроти 16%).

Лондонското Училиште за Економија (London School of Economics) во Јануари 2011 ја објави својата студија насловена Ризици и безбедност на интернет, која беше спроведена во 25 европски земји со поддршка на европската унија. Студијата ги истражува ставовите, гледиштата и искуствата кои европските деца на возраст од 9 до 16 години ги имаат во однос на темата сајбер малтертирање. 9% од испитаните деца изјавиле дека барем еднаш примиле навредлива порака преку интернет, а 3% изјавиле дека барем еднаш испратиле навредлива порака некому преку интернет. Половина од оние кои примиле навредлива порака преку интернет изјавиле дека истата многу ги вонемирила. Тие кои биле сајбер малтретирани во најголем процент биле малтертирани преку некоја од социјалните мрежи отколку преку меил, сајт за играње или некој форум.

Она што го разликува врсничкото сајбер малтертирање или сајбер насилништвото од останатите видови на врсничко насилство е тоа што сајбер насилништвото може да се случи во секое време, независно дали жртвата е физички присутна или не е, и тоа што истото може да се случи преку огромен спектар на платформи за комуникација: слики, текстови, видео или аудио записи. Сторителот на насилничкиот акт при тоа може да остане анонимен, токму поради фактот што голем број на социјални мрежи оставаат простор за многу лесно создавање на лажен профил, а токму лицата кои имаат тенденција да бидат насилници се и лица кои истовремено имаат тенденција да дадат лажни информации при регистрацијата на многу социјални платформи. Една од причините што овој облик на врсничко насилништво е

во се поголем пораст, е токму и поради фактот што му овозможува на насилникот да остане неоткриен. Најчестата форма на сајбер малтретирање е преку пораки на платформи како што се Фејсбук и Твитер и платформи кои овозможуваат размена на инстант пораки.

Иако голем број на млади лица, како и нивните родители и наставници, сеуште сметаат дека сајбер малтретирањето и не е некој голем проблем, последиците кои овој облик на насилништво може да ги предизвика се застрашувачки. Затоа што иако сајбер малтретирањето во еден момент ќе престане, стравот , повреденоста и сеќавањето на истото, кај личноста која била жртва на ваков облик на малтретирање остануваат уште долго време, и можат да предизвикаат вистинска лавина на понатамошни психолошки потешкотии.

Анонимната дистрибуција на постови кои можат брзо да се рашират до голем број на лица, го прави овој облик на насилништво да биде доживеан од страна на лицето жртва уште повеќе заканувачки и емотивно вознемирувачки. Покрај тоа, пораките, сликите и видео материјалите кои се еднаш постирани не можат да бидат целосно избришани, или дури и ако се успее тие да бидат целосно избришани можно е штетата кои тие ја нанеле да веќе биде предизвикана. Сајбер малтретирањето е сериозен проблем кој своите жртви често пати ги остава со преплавувачки чувства на беспомошност и срам.

Младите лица во развој кои се жртви на некој облик на сајбер малтретирање често пати не умеат да се носат со овие силни преплавувачки негативни чувства, што од своја страна носи опасност од појава на депресија, а во некои случаи во зависност од личносната структура на жртвата може да развие и самоубиствени тенденции. За жал во светски рамки секоја година се поголем е бројот на малолетни лица кои извршиле самоубиствен акт токму поради неумешноста да се носат со последиците кои ги предизвикале облици на врсничкото сајбер малтретирање.

Кај лицето жртва сајбер малтретирањето може да го намали степенот на самопочит, како и да предизвика низа на психосоматски здравствени проблеми. Овие лица поради преплавеноста со негативни емоции тешко се фокусираат и имаат проблем да ја одржат својата концентрација што многу често резултира со пад во училишниот успех. Анонимните закани на интернет исто така предизвикуваат околината да се доживува како особено опасна и небезбедна, што пак предизвикува жртвата уште повеќе да се затвори во себе и

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
IFAP Information for All Programme
Подготвено со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите

да не споделува, трупајки се во себе. За да се справат со ова, лицата жртви почнуваат да развиваат избегнувачки однос кон својата околина, кој често резултира со бегање од часови, избегнување на своите врсници, наставници, родители и сл. Сето ова од своја страна создава плодна почва за развивање на зависности, па така статистички е значаен бројот на тинејџери жртви на сајбер малтретирање кои посегнуваат по алкохол и/или наркотици.

Последиците на врсничкото сајбер малтретирање воопшто не е занемарувачки, и токму поради тоа борбата против сајбер малтретирањето е многу важна, и треба да се сфати сериозно. Лицата кои се, или биле, жртви на овој облик на насилство исто така можат многу да придонесат на во борбата против овој облик на насилништво на тој начин што ќе ги игнорираат овие насилнички пораки, текстови или мислења во виртуелниот простор за разговор. Тоа не значи дека тие треба да се повлечат и да трпат, туку гласно да истапат и да побараат помош од родителите, наставниците и соодветните институции.

Сепак најдобриот начин на справување со врсничкото сајбер малтретирање е што повеќе млади лица да научат како да избегнат да станат жртва на овој облик на насилништво.  Најуспешен начин да се превенира да се стане жртва на некаков облик на врсничко сајбер насилништво е најпрво активно да се применуваат безбедносните интернет практики. Да се внимава на безбедносните прилагодувања на профилите на социјалните мрежи како Фејсбук и Твитер, кој може да ги чита вашите постови, кој може да ги гледа и споделува вашите слики и кој се може да испраќа коментари. Но сепак најдобрата превенција се состои во тоа да се води сметка што се се споделува на социјалните мрежи и со кого, односно да не се споделува нешто за кое и не сме сигурни дека сакаме да биде видено и искоментирано од сите.

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
IFAP Information for All Programme

Подготвено  со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите